*Младица КОТЕВСКА, Ваљдета ВУКЕЉ, Катица КИЧКОВА*

# СОЦИЈАЛИЗАЦИЈА НА ДЕЦАТА СО ПРЕЧКИ ВО ПСИХИЧКИОТ РАЗВОЈ УЛОГАТА НА СЕМЕЈСТВОТО И ЛОКАЛНАТА ЗАЕДНИЦА

Во зависност од тоа дали хендикепот настанал во детството или пак кај возрасните лица што се во работен однос, од формален аспект, зборуваме за две големи групи на инвалидни лица: првите се деца со пречки во развојот односно деца со посебни потреби, а вторите се трудови инвалиди.

Во однос на децата се гарантира правото на грижа, образование и можноста за вработување .

Во однос на сите инвалидни лица предстои целосно вградување во нашите прописи на Резолуцијата за изедначување на можностите за развој на хендикепираните лица, донесена од ООН во 1993 год.

За целосна имплементација на оваа Резолуција постои добра основа во нашиот Устав. Врз основа на овој акт, сите граѓани се еднакви, а истовремено постои обврска на Републиката да создава соодветни услови за вклучување на инвалидните лица во општествениот живот. Во оваа смисла и од аспект на донесување на соодветни закони а уште повеќе заради примената на постојните, потребно е да се направат неколку работи:

- во однос на децата со инвалидност е потребно што порано откривање и соодветен медицински, психолошки, педагошки и социјален третман;
- во сферата на образованието во зависност од видот и степенот на инвалидноста одлучувачко значење има обезбедувањето на соодветни услови за образование.

Од аспект на учеството и компетенциите на социјалната заштита во однос на грижата и заштитата на децата со пречки во психичкиот развиток би ги изнеле следните наши видувања.

Сите потреби на децата со лесни пречки во развојот главно успешно се задоволуваат во рамките на посебното образование, бидејќи децата живеат дома со своите родители и се вклучени во посебни паралелки во редовните основни училишта или во посебни училишта во местото на живеење.

За задоволувањето на потребите на децата со умерени и тешки пречки во психичкиот развој, се јавува потреба од развој на форми на дневна грижа во нивното место на живеење, бидејќи, установите што обезбедуваат нивно целосно згрижување (Заводот за рехабилитација на деца и младинци-Скопје и Специјалниот завод Демир Капија) се со ограничени капацитети. И не само тоа, туку живеењето дома во рамките на семејството најчесто е најдобро решение за децата бидејќи обезбедува љубов, индивидуална грижа што не може да го има во институциите без оглед колку се тие добри. Живеењето во семејствата за ментално хендикепираното дете

значи дека е сакано, да може да учи и да ги зголемува своите комуникациски и социјални вештини и да му помогне побрзо да се интегрира во локалната заедница.

Наша процена е дека стручњаците сé уште на институционалното згрижување гледаат како на прв одговор на потребите на децата со ментален хендикеп, што се должи на долгогодишното традиционално гледиште, делумно на секторскиот пристап и ограничената интердисциплинарна соработка меѓу институциите, на ограничените материјални ресурси за да може да се развијат повеќе форми на згрижување на локалната заедница.

Оттука, нашата институција (Републичкиот завод за унапредување на социјалните дејности) во соработка со Министерството за труд и социјална политика, УНИЦЕФ, и асоцијацијата Источно Европско Партнерство, развива програмски процеси што даваат подршка на реформата на политиката за грижата на децата со пречки во психичкиот и физичкиот развој, во следните насоки:

1. Воведување на нови пристапи во стручната работа на кадрите од социјалниот сектор и на заедницата, за прашањата што се врзани за развојот на децата воопшто, а особено за децата со пречки во психичкиот развој.
2. Проширување на постојниот систем за грижа на децата со пречки во психичкиот развој, со развој на форми на дневна грижа.
3. Подобрување на квалитетот на грижата за децата сместени во постојните институции преку јакнење на стручните капацитети на кадрите во давањето на психосоцијална помош, физичката нега, техниките за стимулација и развој и сл.

Проектот што го насловивме: **"Социјализација на децата со пречки во психичкиот развој во семејството"**, имаше две главни насоки:

Прво, развој на програми за обука на социјалните работници во центрите за социјална работа за работа со деца со пречки во развојот и нивните семејства; Второ, развивање на кампања (акција) за запознавање на јавноста со менталниот хендикеп во Македонија. Реализацијата на овој дел од проектот вклучуваше изготвување на информативно едукативен материјал (брошури и плакати) наменети за родителите и децата во основното образование.

Програмата за едукација што започна во јуни 1995 и заврши во март 1996 опфати 57 социјални работници и психолози во 12 центри за социјална работа во Републиката. Нејзината посебна вредност беше што на учесниците им овозможи да се здобијат не само со теоретски, туку и со практични искуства за:

- Поголемо разбирање за специфичните потреби на децата со пречки во психичкиот развој и на нивните семејства;

- За начините на задоволување на потребите идентификувани во направените проценки од страна на социјалните работници;
- Утврдување на потребите од давање совети и информации на родителите како поддршка во продолжувањето на грижата на нивните деца дома;

Комплетираните проценки за проблемите на децата и нивните семејства што ги направија социјалните работници во рамките на проектот, покажаа дека има проблеми што се заеднички за многу семејства но, исто така се воочија и разликите кои постојат меѓу нив, во зависност од специјалните потреби на децата.

Обопштувајќи ги проблемите на семејствата што ги чуваат своите деца со пречки во психичкиот развој дома, како позначајни би ги истакнале следните:

- Најголем број семејства искажаа потреба од форми на дневна грижа за своите деца, не само заради помошта на семејството во одгледувањето на децата туку и заради можноста тие да се дружат со нивни врсници и на тој начин полесно да ги развиваат своите социјално-комуникациски вештини.
- Втора потреба која ја делат повеќето од проценетите семејства е можноста за редовна и постојана говорна и физиотерапија. Оние семејства што ја обезбедиле оваа терапија за своите деца почувствувале дека тие значително напреднале .
- Голем број на семејства во работата со социјалните работници искажале грижа за иднината на своите деца, односно тогаш кога тие не ќе можат да се грижат за нив и по нивната смрт.
- Семејствата исто така имаат големи очекувања од социјалните работници за совети и информации што би им помогнале во разгледувањето и донесувањето на одлуки за задоволување на потребите на детето, за надминувањето на тешкотиите што ги доживуваат , воспоставувањето на контакти со други родители на ментално хендикепирани деца со намера кај нив да се намали чувството на изолација и да се поддржуваат едни со други во изнаоѓањето подобри ресурси и можности за ментално хендикепираните лица.
- Финансиската и материјалната ситуација на семејствата, односно зголемените материјални потреби на семејството во одгледувањето на децата со пречки во психичкиот развиток, секако е едно од најважните причини поради кои семејствата контактирале со социјалните работници, односно со институциите во социјалната заштита.

Имајќи ги предвид искажаните потреби на семејствата, наша оцена е дека многу од нив можат да бидат задоволени со обезбедување на екстра ресурси и тоа во сите сектори за грижа на децата со ментален хендикеп (здравство, социјална заштита, образование, детска заштита). Но сегашната

економска позиција зборува дека мора да ги разгледуваме начините на помагање на семејството без многу нови материјални вложувања. Ние како позначајни ги истакнуваме следните:

- ќе треба да продолжи работата на центрите за социјална работа со семејствата во давањето на практични совети и поддршка како најдобро да се грижат за своето дете и на начин кој најмногу ќе му овозможи на детето да се интегрира во локалната заедница;
- користењето на постојните ресурси во дневната грижа за ментално хендикепираните деца можно е со вклучување во установи за предучилишно воспитување (градинки) или изнајдување на други алтернативи.

За да се развие системот на целосна грижа на децата со пречки во психичкиот развој во локалната заедница, потребно е интерресорско поврзување и мултидисциплинарна работа на повеќе институции, односно поврзување и консултација на центрите за социјална работа, медицинските центри и градинките. Поврзувањето со вонвладините и со хуманитарните организации е мошне важен дел на овие настојувања .

Истовремено сметаме дека овие сознанија треба да излезат од тесностручните кругови. Потребна е сензибилизација на населението за проблемите на децата со пречки во развојот.

*Mladica KOTEVSKA, Valjdeta VUKELJ, Katica KICKOVA*

## SOCIALIZATION OF CHILDREN WITH DEVELOPMENTAL DIFFICULTIES IN THE FAMILY AND LOCAL COMMUNITY

In the presented paper at the beginning, stressing the existence of the two large groups of disabled persons: children with developmental difficulties and labour disabled persons, the problem of children with developmental difficulties especially of those mentally retarded from medical, psychological pedagogical and rehabilitation aspect is stressed.

At the same time the basic assumptions given by the Macedonian Constitution providing better living and working conditions of these citizens are stressed. Also, certain indications presented are related to socialization of children with developmental difficulties and are connected with the training of the centres of social affairs, information and advisory work with parents.

In that way it is pointed out that the Republic Institute for social affairs in cooperation with UNICEF and the association of East-European Partnership develop programme processes that give support to such an orientation.